ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: Никола Тодоров, министер за здравство и
м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство,

ПОВЕРЕНИЦИ: Насуф Ипчја, државен секретар во Министерството за здравство и

Стојанчо Стојковски, државен советник во Министерството за здравство

# П Р Е Д Л О Г - З А К О Н
за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување,
по скратена постапка

Скопје, декември 2014 година

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 42-10969/1
13.12.2014 година
С к о п ј е

**ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**С К О П Ј Е**

Врз основа на членот 91, алинеја 2 од Уставот на Република Македонија и членовите 132, 137 и 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија Ви поднесува Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување, по скратена постапка, што го утврди на седницата, одржана на 13.12.2014 година.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Никола Тодоров, министер за здравство и м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, а за повереници Насуф Ипчја, државен секретар во Министерството за здравство и Стојанчо Стојковски, државен советник во Министерството за здравство.

ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА

м-р Зоран Ставрески

Подготвил: Зоран Брњарчевски
Проверил: Љубица Р.Димовска
Контролирал:Дејан Јакимовски
Согласен:Митра Спасовска
Одобрил: Кирил Божиновски

ВОВЕД:

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со членот 5 од Законот за здравственото осигурување (Службен весник на Република Македонија бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014 и 113/2014), врз основа на начелата на задолжителност и сеопфатност на здравственото осигурување таксативно се наброени лицата кои подлежат на задолжително здравствено осигурување. Тоа се лицата кои се во работен однос, самовработените лица, верските службени лица, привремено невработените лица додека примаат паричен надоместок од осигурување во случај на невработеност итн.

Со предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување се врши изменување на членот 5 во точката 9 и како посебна категорија осигуреници се издвојуваат иселениците- државјани на Република Македонија кои примаат пензија од држава со која Република Македонија нема склучено (превземено) Договор за социјално осигурување или пак Република Македонија има склучено (превземено) Договор за социјално осигурување, но во него не е регулирана можноста за остварување на правото на здравствено осигурување, со цел да се обезбеди олеснување во поглед на висината на придонесот за здравствено осигурување којшто треба да го платат, додека престојуваат на територијата на Република Македонија.

Исто така со предлогот на Законот се врши усогласување со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Со изменувањето и дополнувањето на Законот за здравственото осигурување се предвидува олеснување за иселениците - државјани на Република Македонија кои примаат пензија од држава со која Република Македонија нема склучено (превземено) Договор за социјално осигурување или пак Република Македонија има склучено (превземено) Договор за социјално осигурување, но во него не е регулирана можноста за остварување на правото на здравствено осигурување, во поглед на висината на придонесот за здравствено осигурување којшто треба да го платат, додека престојуваат на територијата на Република Македонија.

Законот чие донесување се предлага се заснова на истите начела на кои се заснова Законот за здравственото осигурување.

Законот ги содржи и основните решенија на дополнувањата кои се содржани во Предлог законот.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Со предложеното дополнување на Законот за здравственото осигурување не се повлекува обврска за обезбедување средства за негово спроведување од Буџетот на Република Македонија.

IV.ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Законот не повлекува обврска за обезбедување дополнителни финансиски средства за неговото спроведување и материјални обврски за одделни субјекти.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Со оглед на тоа што се исполнети случаите утврдени во член 170, алинеја 1, од Деловникот на Собранието на Република Македонија, односно не е во прашање донесување на сложен и обемен закон, се предлага Законот да се донесе по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ - ЗАКОН
за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување

Член 1

Во Законот за здравственото осигурување (,,Службен весник на Република Македонија”, број 25/00, 96/00, 50/01, 11/02, 31/03, 84/05, 37/06, 18/07, 36/07, 82/08, 98/08, 6/09, 67/09, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14 и 113/14) во член 5 став 1 точката 9 се менува и гласи:

„9. државјанин на Република Македонија кој прима пензија или инвалиднина од странски носител на осигурување од држава со која Република Македонија нема склучено/превземено Договор за социјално осигурување или пак Република Македонија има склучено/превземено ваков Договор, но во него не е регулирана можноста за остварување на право на здравствено осигурување, додека престојува на територијата на Републиката;“

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Граѓаните кои примаат пензија или инвалиднина од странски носител на осигурување односно Република Македонија и таа странска држава имаат склучено/превземено договор за социјално осигурување во кој е регулирана можноста за остварување на право на здравствено осигурување и кои имаат живеалиште на територијата на Републиката можат да пристапат кон задолжителното здравствено осигурување, заради користење на право на здравствени услуги од член 9 на овој закон, врз основа на одредбите од меѓународниот договор.“

Член 2

Во член 15 ставовите 3 и 4 се бришат.

Ставот 5 станува став 3.

Член 3

Во член 25 по ставот 3 се додаваат два нови става 4 и 5, кои гласат:

„По исклучок за осигуреникот од член 5 став 1 точка 15 од овој закон, утврдување на својството се врши врз основа на решение кое Фондот го носи по службена должност, врз основа на добиените податоци од Управата за јавни приходи.

За утврдување на својството на осигурениците од член 5 став 1 точка 4 од овој закон, Фондот по службена должност разменува податоци со надлежните институции и врз основа на тие податоци врши прием во здравствено осигурување, доколку се исполнети условите согласно со овој закон.“

Ставовите 4, 5, 6 и 7 стануваат ставови 6, 7, 8 и 9.

Член 4

Во Законот за изменување на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 97/14), во членот 1 датата „1 јануари 2015 година“ се заменува со датата „1 јануари 2016 година.“

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а одредбите од член 1 ставот 1 и членот 2 од овој закон ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2015 година.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ
од Законот за здравственото осигурување
(„Службен весник на Република Македонија” бр.25/00, 34/00, 96/00, 50/01, 11/02, 31/03, 84/05, 37/06, 18/07, 36/07, 82/08, 98/08, 06/09, 67/09, 50/10, 156/10, 53/1126/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14 и 113/14) што се менуваат и дополнуваат

Член 5

Со овој закон задолжително се осигуруваат:

1. работник во работен однос кај правно лице, самовработено лице, установа, друго правно лице кое врши дејност на јавна служба, државен орган и орган на единиците на локалната самоуправа и градот Скопје;

1-а) извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен одбор во трговско друштво, односно управител во трговско друштво, доколку не е осигурен по ниеден друг основ;

1-б) лице кое остварува приходи од извршување физичка и/или интелектуална работа, врз основа на договор за дело и/или авторски договор или друг договор со кој е определен надоместок за извршената работа кој во нето износ е повисок од износот на минималната плата утврдена со закон;

2. државјанин на Република Македонија кој на територијата на Република Македонија е вработен кај странски и меѓународни органи, организации и установи, кај странски дипломатски и конзуларни претставништва, во лична служба на странски дипломатски и конзуларни претставништва или е во лична служба на странци, доколку со меѓународен договор поинаку не е определено;

3. самовработено лице;

4. носител на семејно земјоделско стопанство од втора и трета категорија, согласно со Законот за земјоделство и рурален развој;

5. верско службено лице;

6. привремено невработено лице додека прима паричен надоместок од осигурување во случај на невработеност ;

7. државјанин на Република Македонија вработен во странство, ако за тоа време не е задолжително осигуран кај странски носител на осигурување според законот на земјата во која е вработен, или според меѓународна спогодба , а имал живеалиште на територијата на Република Македонија непосредно пред засновањето на работниот однос во странство – за членовите на семејството кои живеат во Република Македонија;

8. корисник на пензија и надоместок на плата според прописите на пензиското и инвалидското осигурување;

9. државјанин на Република Македонија кој прима пензија или инвалиднина од странски носител на осигурување додека престојува на територијата на Републиката;

10. Лице корисник на постојана парична помош; лице со статус на признаен бегалец; лице под супсидијарна заштита; лице сместено во згрижувачко семејство; лице сместено во установа за социјална заштита (за институционална и вонинституционална заштита); корисник на паричен надоместок за помош и нега од друго лице; лице кое до 18 годишна возраст имало статус на дете без родители и без родителска грижа, најмногу до 26 години, а користи социјална парична помош; лице-жртва на семејно насилство за кое се превзема мерка на заштита согласно законот за

семејство и лице опфатено со организирано самостојно живеење со поддршка; ако не може да се осигураат по друга основа.“

11. странец кој на територијата на Република Македонија е во работен однос или служба на странски физички и правни лица, меѓународни организации и установи или странски дипломатски и конзуларни претставништва ако со меѓународен договор поинаку не е определено;

12. странец кој се наоѓа на школување или стручно усовршување во Републиката ако со меѓународен договор поинаку не е определено;

13. лице на издржување на казна затвор, лице кое се наоѓа во притвор(ако не е осигурено по друга основа) и малолетно лице кое се наоѓа на извршување на воспитна мерка упатување во воспитно-поправен дом, односно установа;

14. учесник во НОВ и учесник во Народноослободителното движење во Егејскиот дел на Македонија, воен инвалид и членовите на семејствата на паднатите борци и умрените учесници во НОВ, како и цивилните инвалиди од Втората светска војна, лицата прогонувани и затворани за идеите на самобитноста на Македонија и нејзината државност, на кои тоа својство им е утврдено со посебни прописи и членовите на семејството и родителите на лицата граѓани на Република Македонија, загинати во војните при распадот на СФРЈ и

15. државјанин на Република Македонија кој не е задолжително осигуран по една од точките од 1 до 14 на овој член.

Граѓаните кои не се опфатени со задолжителното здравствено осигурување според став 1 на овој член можат да пристапат кон задолжителното здравствено осигурување заради користење на право на здравствени услуги од член 9 на овој закон.

Член 15

Осигурениците од членовите 13 и 14 на овој закон можат да остварат право на надоместок на плата, ако ги исполнуваат и следниве услови:

1) ако здравственото осигурување траело најмалку шест месеци непрекинато пред настапување на случајот, освен во случаите на повреда на работа и професионално заболување како и за осигуреникот од член 5 став 1 точки 1, 2 и 3 од овој закон, чиј брачен другар бил упатен на работа во странство во рамките на меѓународно-техничка соработка, просветно-културна и научна соработка, во дипломатски и конзуларни претставништва, на стручно усовршување или образование со согласност и за потребите на работодавачот и по тој основ му мирува работниот однос, доколку во рок од 30 дена од денот на престанувањето на работата на неговиот брачен другар во странство се врати на работа кај работодавачот кај кој му мирува работниот однос.

2) придонесот за задолжителното здравствено осигурување редовно да е уплатуван или со задоцнување од најмногу 60 дена и

3) оцената за привремена спреченост за работа ја дал избраниот лекар, односно лекарската комисија.

По исклучок од став 1 точка 1 на овој член, на осигуреникот на кој му мирува работниот однос поради користење неплатено родителско отсуство, придонесот за

здравствено осигурување се плаќа преку програма на Министерството за здравство и за периодот во кој му мирува работниот однос заради неплатено родителско отсуство, се смета дека нема прекин во остварувањето на правата од задолжителното здравствено осигурување.

Осигуреникот од ставот 2 на овој член не поднесува изјава за остварените приходи во претходната година согласно прописите за придонесите од задолжителното социјално осигурување.

За осигуреникот од ставот 2 на овој член, Министерството за здравство пресметува и уплатува придонес за задолжително здравствено осигурување на основица за пресметка и плаќање на придонеси во висина од 50% од просечно исплатената месечна плата по работник во Републиката објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика.

По исклучок од ставот 1 точка 2 на овој член осигуреникот до 29 годишна возраст, за кој со Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност е предвидено ослободување од плаќање на придонесите од задолжителното социјално осигурување, остварува надоместок на плата без уплата на придонесот за задолжително осигурување за периодот за кој е ослободен од плаќање на придонесите од задолжителното социјално осигурување.

Член 25

Права од задолжителното здравствено осигурување може да оствари само лице на кое му е утврдено својство на осигуреник, односно осигурено лице согласно со овој закон.

Својство на осигуреник и осигурено лице се утврдува врз основа на пријава за здравствено осигурување што ја поднесува обврзникот за пресметка и уплата на придонесот, односно лицето кое бара утврдување на својство на осигуреник, односно осигурено лице.

Пријавата за здравствено осигурување се поднесува до Фондот во рок од осум дена од денот на засновањето на работниот однос, односно од денот на стекнувањето на својството врз основа на кое е должен да поднесе пријава за задолжително здравствено осигурување.

Својството на осигуреник, за осигурениците од членот 5 став 1 точки 1, 2 и 3 од овој закон се утврдува со електронски генерирана пријава за задолжително здравствено осигурување врз основа на електронски превземена пријава за засновање на работен однос од надлежната институција.

Ако Фондот по поднесената пријава не признае својство на осигуреник или тоа својство го признае по друга основа должен е за тоа да донесе решение.

По престанокот на основот за задолжително здравствено осигурување, обврзниците за пресметка и уплата на придонесот се должни во рок од осум дена да поднесат одјава на осигурувањето.

По исклучок на ставот 6 на овој член за осигурениците од членот 5 став 1 точки 1, 2 и 3 од овој закон, престанокот на основот за задолжителното здравствено осигурување се утврдува со електронски генерирана одјава од задолжителното здравствено осигурување, врз основа на електронски превземената одјава од работен однос од надлежната институција.

Начинот на стекнување на својство на осигуреник и осигурено лице, како и начинот нивното пријавување и одјавување го утврдува Фондот со општ акт на кој министерот за здравство дава согласност.

Текст на Законот за изменување на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 97/14)

Член 1

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 187/13), во членот 5 датата: „1 јуни 2014 година“ се заменува со датата: „1 јануари 2015 година“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ
НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

1. Со членот 1 од Предлогот на Законот се предвидуваат како посебна категорија осигуреници лицата државјани на Република Македонија кои примаат пензија или инвалиднина од странски носител на осигурување од странска држава со која Република Македонија нема склучено (превземено) Договор за социјално осигурување или пак Република Македонија има склучено (превземено) ваков Договор, но во него не е регулирана можноста за остварување на право на здравствено осигурување, додека престојуваат на територијата на Републиката. Овие државјани се одвојуваат како посебна категорија од граѓаните кои примаат пензија или инвалиднина од странски носител на осигурување односно Република Македонија и таа странска држава имаат склучено (превземено) договор за социјално осигурување во кој е регулирана можноста за остварување на право на здравствено осигурување и кои имаат живеалиште на територијата на Републиката.

2. Со членот 2 од Предлогот на Законот се врши усогласување со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување согласно кој Министерството за здравство е обврзник за пресметка и уплата на придонесот за задолжително здравствено осигурување за работникот на кој му мирува работниот однос поради користење неплатено родителско отсуство.

3. Со членот 3 од Предлогот на Законот Фондот добива законска можност со решение да го утврди својството на осигуреник за лицата од членот 5 став 1 1 точка 15 од овој закон.

4. Со членот 4 се предвидува одложување на рокот за пререгистрација на земјоделците .

5. Членот 5 е завршна одредба.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби се меѓусебно поврзани со основните решенија содржани во Законот за здравственото осигурување.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Во овој предлог закон се доуредува прашањето поврзано со лицата кои подлежат на задолжително здравствено осигурување и се врши усогласување со одредбите од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.